ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 13 јуни 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна посета и едукативни работилници со пензионерите во Тетово и Гостивар

На деветата едукативна работилница во Тетово, наменета за пензионерите за едукација во однос на нивните права од здравствено осигурување, како и запознавањето со определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ, директорката Парнарџиева Змејкова се заблагодари на Сојузот на пензионери и на Црвениот крст за успешно реализирање на едукативните работилници кои имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за нивните права од здравственото осигурување.




Во своето обраќање до пензионерите, Парнарџиева-Змејкова истакна дека целта на едукативните работилници е информирање на пензионерите како да ги остварат што побрзо и полесно правата од здравствено осигурување, можностите за рехебилитација, бањското лекување како продолжена рехабилитација, рефундирањето на трошоците за лекување и лекови и слично. Истовремено, на работилницата имаше и презентација за трите најчести хронични заболувања кај оваа популација – кардиоваскуларните заболувања, бубрежната слабост и дијабетесот, можностите за превенција и какви редовни прегледи да се вршат, рече Парнарџиева-Змејкова.

Во врска со проектот електронска здравствена картичка, директорката Парнарџиева-Змејкова информираше дека околу 2.600 пензионери од Тетово и Гостивар се уште немаат поднесено барање за добивање електронска здравствена картичка и апелираше до сите пензионери кои се

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

уште не поднеле вакво барање тоа да го сторат во следниот период, а ФЗО до крајот на јуни ќе ја заврши целата процедура и електронските здравствени картички ќе им бидат издадени картички.

- Иако на државно ниво околу 90 отсто од граѓаните веќе ја користат електронската здрвaствена картичка во Тетово оваа бројка изнесува само околу 75 отсто, а во нашите служби тука се уште имаме неподигнати 25.000 електронски здравствени картички. Според нашите податоци и околу 4.600 граѓани од Тетовско што примаат плата немаат поднесено барање за електронска здравствена картичка, изјави Парнарџиева-Змејкова.



Во работилницата во Тетово, исто така се обрати и директорот на ФЗОМ, Џемали Мехази кој истакна дека пензионерите како целна група на осигуреници се могу важни и токму затоа ФЗОМ е секогаш отворен за соработка со нив да им излезе во пресрет на нивните потреби, онаму каде е тоа во надлежност на Фондот.

Директорката Парнарџиева-Змејкова потоа продолжи на десетата едукативна работилница во Гостивар, каде пред присутните 50-тина пензионери ја образложи целта на работилниците, која е постигнување на поефикасно доближување на услугите од Фондот до граѓаните и здравствените осигуреници.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk





Планирано е во 2014 година ФЗОМ вкупно да одржи 15 работилници ширум целата држава. Ваквиот потег на стручната екипа на на Фонд и вложените напори за доближување на услугите преку непосредни контакти и посети во градовите, наидува на силна поддршка не само кај пензионерите, туку и кај сите други корисници на здравствените услуги.